**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП.I.Бр. 18-443/
041017 .2017 година
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/15, 192/15 и 53/16), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), постапувајќи по барањето на Тело за сертификација на производи ЗИМСЕРТ, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" АД - Скопје, министерот за економија донесе:

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ОЦЕНА И ПОТВРДА НА ПОСТОЈАНОСТ НА СВОЈСТВАТА

1. СЕ ИМЕНУВА Телото за сертификација на производи ЗИМСЕРТ, Завод за испитување на материјалуи и развој на нови технологии "Скопје" АД - Скопје, за вршење на дејноста на оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, односно сертификација на градежните производи за:

1.1. Сертификација на производи: Определување на тип на производ ( оцена на својствата), почетна контрола на производниот погон и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), контролно тестирање на примероци земени од производниот погон или на објекти за складирање на производи систем (1+), цемент и ѕидарски цемент согласно:

**МКС EN 197 – 1:2012,**
*Цемент - Дел 1 :Состав, спецификации и критериуми за сообразност за обичен цемен*

**МКС EN 413 – 1:2012 ,**
*Ѕидарски цемент - Дел 1 :Состав, спецификации и критериуми за сообразност*

1.2. Сертификација на процеси: Почетна контрола на системот на фабрична контрола (FPC), континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), (2+), бетон, ѕидарски малтер и агрегати согласно :

**МКС EN 206:2014,**
*Бетон - Дел 1: Состав, спецификации и критериуми за сообразност*

**МКС EN 998 - 2:2017,**
*Спецификација за малтер во ѕидарството – Дел 2: Ѕидарски малтер*

**МКС EN 12620 +A1:2009**
*Агрегати за бетон*

**МКС EN 13043:2006, МКС EN 13043 :2006/AC:2006**
Агрегати за битуменски мешавини и површинска обработка за патишта, аеродроми и други сообраќајни површини

**МКС EN 13242 +A12009**
Агрегати за неврзани и за хидроулични врзани материјали кои се користат во градежништвото и во изградба на патишта.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тело за сертификација на производи ЗИМСЕРТ, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии “Скопје“ АД - Скопје, застапувано од овластено лице Борис Таневски, поднесе барање за издавање на Решение за именување на тело за оцена и потврда на постојаност на својствата.

Тело за сертификација на производи ЗИМСЕРТ, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии “Скопје“ АД - Скопје, кон барањето ги поднесе следните документи:

- Потврда за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија со број: 0809-50/150120170033879 од 31.05.2017 година;
- Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Македонија бр. 0805-50/150120170033764 од 31.05.2017 година;
- Полиса за осигурување од општа одговорност од дејност за штети причинети на трети лица бр. 130010000541 со важност на осигурување до 22.05.2018 година издадена од Кроација осигурување;
- Копии од обрасците М1/М2 за постојано вработениот стручен кадар: м-р Борис Танески, дипл.гр.инж, Марјана Поповска, дипл.град.инж, Лилјана Силјановска, дипл.инж.техн, Донка Даниловска, дипл.град.инж, Јован Пејовски, дипл.маш.инж, Ванѓа Костова, дипл.инж.хем., Елена Георгиева, дипл.инж.арх, Магдалена Петкова, дипл.град.инж, Висар Палошки, дипл.бсц.;
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр. 0904-50/150120170023414 од 18.04.2017 година;
- Сертификат за акредитација Бр. СТ-012 на Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје“ АД – Скопје, ЗИМСЕРТ;
- Прилог кон сертификатот за акредитација на тело за сертификација на производи во опсегот на акредитација, согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012 со важност до 15.08.2021 година;
- Правилник за работа на Телото за непристрасност и рамнотежа на интереси – ТНРИ;

- Изјави за непристрасност, доверливост и независност на раководството на ЗИМСЕРТ – ОБ.ст.06.1.1 ОД Раководителот на сертификациониот одбор (СО);
- Изјави за прифаќање на правилата на однесување за доверливост, непристрасност, независност и објективност од: м-р Борис Танески, дипл.гр.инж, Марјана Поповска, дипл.град.инж, Лилјана Силјановска, дипл.инж.техн, Донка Даниловска, дипл.град.инж, Јован Пејовски, дипл.маш.инж, Ванѓа Костова, дипл.инж.хем., Елена Георгиева, дипл.инж.арх, Магдалена Петкова, дипл.град.инж, Висар Палошки, дипл.бсц.;
- Одлука бр.02-58/2 на раководството за примена на принципите за постојано подобрување на квалитетот на услугите;
- Одлука бр.02-58/3 за обврската на вработените за почитување на принципи и правила на однесување;
- ЗИМ „Скопје“ А.Д. – Скопје користи исклучиво сопствена техничка опрема.
- Копија од уплатница за уплатена административна такса во износ од 2.000,00 денари.

Телото за сертификација на производи ЗИМСЕРТ, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии “Скопје“ АД - Скопје, треба да го известува Министерството за економија условите од членот 35 ставите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8,) (9), (10), (11,) (12), (13), (14) и (15) и член 41 од Законот за градежните производи, најдоцна 30 дена од денот на престанување на исполнување на условите.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР,**
**Kreshnik Bekteshi**

ДОСТАВЕНО ДО:
- подносител на барањето
- архива

Изработил: Љубомир Митров
Контролирал: д-р Борка С. Герасимовска,
Билјана Мицковска
Согласен: Блерим Злтаку
Одобрил: Зоран Павловски